РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 611/6
26.12. 2022 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 43 седница одржана на 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Економски науки", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Економски науки", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на Економски науки /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Economic sciences (PhD).

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки, Научно – истражувачко поле: 503 Економски науки, 506 Организациони науки и управување, Научно – истражувачка област: 50309 Меѓународна економија, 50325 Маркетинг, 50326 Финансии, 50328 Сметководство, 50603 Бизнис менаџмент.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Благица Колева, проф. д-р Еленица Софијанова, проф. д-р Емилија Митева Кацарски, вон. проф. д-р Дарко Лазаров, вон. проф. д-р Елена Веселинова, вон. проф. д-р Весна Георгиева Свртинов, проф. д-р Ристе Темјановски, проф. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска, вон. проф. д-р Љупчо Давчев, проф. д-р Јанка Димитрова, вон. проф. д-р Тамара Јованов Апасиева, вон. проф. д-р Стеван Габер, вон. проф. д-р Илија Груевски, вон. проф. д-р Влатко Пачешкоски, вон. проф. д-р Марија Гогов Самоников.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201 - 417/41 од 07.06.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Економски науки", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809 -434/1 од 20.06.2022 година (наш бр. 08 - 611/1 од 21.06.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 40-та седницата одржана на 24.06.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 611/3 од 31.10.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 43-та седница одржана на 30.09.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова